Врз основа на членовите 384 и 387 од Законот за трговските друштва, како и член 98 од Статутот на П.И. „Витаминка" А.Д. Прилеп (арх.бр. 02-2251/15 од 11.06.2019 год. - пречистен текст), а согласно Одлуката за свикување на годишно Собрание на Друштвото бр. 1/5/2025-О.Д., Одборот на директори на П.И. „Витаминка" А.Д. Прилеп, објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за учество на акционерите на П.И. „ВИТАМИНКА" А.Д. Прилеп**
**на Годишно собрание**

Седницата на годишното собрание на П.И. „ВИТАМИНКА" А.Д. Прилеп ќе се одржи на ден **28.05.2025 год. (среда)** со почеток во **12$^{00}$ часот** во новата менза на Друштвото, на ул. „Леце Котески" бр. 23, во Прилеп, со следниот:

## Дневен ред

**1.1. Процедурален дел:**

1. Утврдување кворум за работа.
2. Избор на бројачи на гласови.
3. Избор на претседавач.
4. Избор на записничар и заверувачи на записник.

**2.2. Работен дел:**

**1.** ***Разгледување и усвојување на годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото за 2024 год.***

- Извештај на неизвршните членови на О.Д. за резултати од извршена контрола.
- Предлог - Одлука за усвојување на годишната сметка за 2024 год.
- Предлог - Одлука за усвојување на финансиските извештаи за 2024 год.

**2.** ***Разгледување и усвојување на годишниот извештај за работата на Друштвото во периодот јануари - декември 2024 год.***

- Годишен извештај за работата на П.И.„Витаминка" АД - Прилеп во 2024 год.
- Предлог - Одлука за усвојување на годишниот извештај за работата на Друштвото во периодот јануари - декември 2024 год.

**3.** ***Разгледување и усвојување на консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на Друштвото за 2024 год.***

- Предлог – Одлука за усвојување на консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на Друштвото за 2024 год.

**4.** ***Разгледување и усвојување на ревизорските извештаи за 2024 год.***

- Предлог – Одлука за усвојување на ревизорските извештаи за 2024 год.

**5.** ***Донесување одлука за употреба на чистата добивка на Друштвото за 2024 год.***

- Предлог - Одлука за употреба на чистата добивка на Друштвото за 2024 год.

**6.** ***Донесување одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на Друштвото во 2024 год.***

- Предлог - Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на Друштвото во 2024 год.

**7.** ***Разгледување на годишниот извештај за работата на Службата за внатрешна ревизија во 2024 год.***

- Предлог - Одлука за усвојување на годишниот извештај за работата на Службата за внатрешна ревизија во 2024 год.

**8.** ***Избор на ревизорска куќа за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на Друштвото за 2025 год.***

- Предлог одлука за избор на ревизорска куќа за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на Друштвото за 2025 год.

**9.** ***Донесување одлука за стекнување сопствени акции со откуп.***

- Предлог одлука за стекнување сопствени акции со откуп.

**10.** ***Донесување одлука за отуѓување сопствени акции.***

- Предлог одлука за отуѓување сопствени акции.

**11.** ***Донесување одлука за изменување и дополнување на Статутот на Друштвото.***

- Предлог – Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Друштвото.

**12.** ***Донесување одлука за основање друштво со ограничена одговорност.***

- Предлог – Одлука за основање друштво со ограничена одговорност.

**13.** ***Донесување одлука за висина на дивиденда за 2024 год.***

- Предлог - Одлука за висина на дивиденда за 2024 год.

**14.** ***Донесување одлука за исплата на дивиденда за 2024 год.***

- Предлог - Одлука за исплата на дивиденда за 2024 год.

Се повикуваат акционерите да го пријават своето учество на Собранието.

Од вкупниот број 76.720 акции во Витаминка АД Прилеп на денот на објавата на јавниот повик вкупниот број акции и вкупниот број гласачки права кои произлегуваат од акциите со право на глас се 73.790 акции.

Акционерите се должни своето учество да го пријават најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание.

Пријавите да се доставуваат до П.И.„Витаминка" А.Д. Прилеп – Сектор за правни и општи работи или по електронски пат на: orde.g@vitaminka.com.mk

Секој акционер може да овласти полномошник со писмено полномошно за учество на Собранието, за што е должен да го извести Друштвото по писмен или електронски пат. Акционерите немаат обврска да го заверат полномошното кај нотар. Податоците за начинот на испраќање на известувањата за полномошната и обрасците за гласање преку полномошник се достапни на официјалната интернет страница на Друштвото: www.vitaminka.com.mk во делот: документи и извештаи – собрание на акционери.

Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за преземање на акционерски друштва, полномошникот задолжително треба да ја извести Комисијата за хартии од вредност за намерата и причините за давање полномошно / а од повеќе акционери во рок од пет работни дена пред одржување на Годишното Собрание на акционери.

Друштвото не обезбедува можност акционерите да учествуваат и да гласаат на собранието по пат на електронски средства или со кореспонденција.

Согласно со Законот за трговските друштва, акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас, имаат право да достават предлог за дополнување на дневниот ред и одлуки по точките од дневниот ред.

Акционерите можат да доставаат предлози за вклучување нови точки во дневниот ред, предлози на одлуки и прашања најдоцна во рок од 8 (осум) дена од денот кога е објавен јавниот повик, а подетални информации за постапката на доставување предлози и прашања можат да се најдат на официјалната интернет страница на Друштвото: www.vitaminka.com.mk

Собранието ќе одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневниот ред, согласно Статутот на Друштвото и Законот за трговските друштва. Гласањето по точките од дневниот ред ќе се врши на начин согласно Статутот и Законот за трговските друштва.

Материјалите за Собранието на Друштвото, како и дополнителни информации согласно Законот за трговските друштва, им се достапни на акционерите од денот на објавувањето на овој повик, секој работен ден во просториите на Друштвото (Финансиски сектор) и на официјалната интернет страница на Друштвото: www.vitaminka.com.mk

**ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ**
**НА П.И.„ВИТАМИНКА" А.Д. ПРИЛЕП**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Дипл.инг. Симон Наумоски**